**20251593521**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ

Врз основа на член 182 став (5) од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Маледонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), министерот за социјална политика, демографија и млади донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ, ПРОДОЛЖУВАЊЕ, ОБНОВУВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРИ НА УСТАНОВИ ЗА ДЕЦА, СТРУЧНИ РАБОТНИЦИ, СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ, ВОСПИТУВАЧИ И НЕГОВАТЕЛИ ВО СИСТЕМОТ ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТАНИЕ НА ДЕЦА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ, НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКИТЕ, КАКО И ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА РАБОТА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат начинот на издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценцата за работа на директори на установи за деца, стручни работници, стручни соработници, воспитувачи и негователи во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст (во натамошниот текст: лиценцата за работа), начинот на спроведување на обуките, како и формата и содржината на образецот на лиценцата за работа.

Член 2

(1) Издавањето на лиценцата за работа започнува со поднесување на барање од страна на лицето заинтересирано за добивање на лиценцата за работа до Комисијата за лиценцирање на стручни лица во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и на директори за установи за деца (во натамошниот текст: Комисијата).

(2) Подносителот на барањето од став (1) на овој член, во барањето писмено се произнесува дали испитот ќе го полага на македонски јазик и неговото кирилско писмо, а доколку кандидатот го зборува јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија, на јазикот кој го зборува и неговото писмо.

(3) Кон барањето од ставот (1) на овој член, се поднесува:

- диплома или уверение за завршено соодветно образование,
- доказ за државјанство на Република Северна Македонија,
- лекарско уверение или извештај од извршен систематски преглед, не постаро од една година,
- потврда дека со правосилна судска одлука не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност, се додека траат последиците од забраната, не постаро од една година,
- потврда дека не му е изречена казна со правосилна судска пресуда со која е осудено за кривично дело за семејно насилство, одземање на малолетно лице, негрижа или злоставување на малолетно лице или родоскврнавење, за кривично дело од групата на дела против половата слобода, без оглед на изречената санкција и кај кое, во согласност со закон, е утврдено дискриминаторско однесување, не постаро од една година,

- потврда дека не му е одземено вршењето на родителското право, не постаро од една година и
- доказ за платен надомест за трошоците за издавање на лиценцата за работа.

(4) Кон барањето за добивање на лиценца за работа за директор на установа за деца, покрај документите од став (3) на овој член, се поднесува и потврда за посетена обука од најмалку 40 часа, согласно Програмата за работа на Комисијата.

(5) Документите од ставовите (3) и (4) на овој член, се приложуваат во оригинал или копија заверена на нотар.

Член 3

(1) За продолжување, односно обновување на лиценцата за работа, се поднесува барање за продолжување, односно обновување на лиценцата за работа до Комисијата, кон кое се приложуваат документите од член 2 став (3) алинеи 3, 4, 5, 6 и 7 од овој правилник, копија заверена на нотар од претходно издадената важечка лиценца и доказ за платен надомест за трошоците за продолжување, односно обновување на лиценцата за работа.

(2) По доставување на барањето од став (1) на овој член, а најдоцна до моментот на разгледување на барањето, се поднесува и доказ за спроведена обука за професионален развој, согласно закон и доказ издаден од Комисијата.

Член 4

(1) По приемот на барањето од член 2 став (1) и член 3 став (1) од овој правилник, од страна на административното и одговорното лице се врши проверка на уредноста на барањето.

(2) Ако барањето е неуредно, најдоцна три дена од извршената проверка, писмено се известува подносителот на барањето за докомплетирање на истото, со потребната документација.

(3) Подносителот на барањето во рок од 15 дена, по приемот на известувањето од став (2) на овој член, треба да го комплетира барањето.

(4) Во случај кога барателот не го комплетирал барањето согласно ставовите (2) и (3) на овој член, од страна на Комисијата барањето нема да се разгледува и писмено ќе се извести барателот дека барањето му е неуредно.

Член 5

(1) Одземањето на лиценцата за работа започнува со доставување на записник до Комисијата од страна на овластен инспектор при Министерството за социјална политика, демографија и млади, со кој се известува за настанување на околностите за одземање на лиценцата за работа од член 180 од Законот за заштита на децата.

(2) Комисијата, по добивање на записникот од став (1) на овој член, започнува со проверка на наводите во записникот.

(3) Од страна на Комисијата, може да се прибават и докази од установи за деца, како и од други правни и физички лица кои вршат работи од дејноста згрижување и воспитание на деца, за утврдување на наводите во записникот од став (1) на овој член.

(4) Ако се утврди дека наводите во записникот се основани, од страна на Комисијата се доставува предлог за одземање на лиценцата за работа до министерот за социјална политика, демографија и млади.

Член 6

Обуките за професионален развој на директори на установи за деца, стручни работници, стручни соработници, воспитувачи и негователи во установите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, физички лица кои вршат одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и лица вработени во агенциите за давање на услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст, се спроведуваат од страна на Комисијата согласно Програмата за работа на Комисијата.

Член 7

Лиценцата за работа се издава на образец кој се печати на хартија во бела боја со А4 формат, чија содржина е дадена во Прилог бр.1 и Прилог бр.2, кои се составен дел на овој правилник.

Член 8

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот на издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценцата за работа на директори на установи за деца, стручни работници, стручни соработници, воспитувачи и негователи во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, начинот на спроведување на обуките, како и за формата и содржината на образецот на лиценцата за работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/13, 154/13 и 175/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 59/19).

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-5662/1
31 јули 2025 година
Скопје

Министер за социјална
политика, демографија и млади,
**Фатмир Лимани,** с.р.

Прилог бр.1

Република Северна Македонија

**Министерство за социјална политика, демографија и млади**

Врз основа на член 178 став (1) од Законот за заштита на децата, министерот за социјална политика, демографија и млади, издава

# ЛИЦЕНЦА

______________________________________________

(вид на лиценца за работа)

____________________________________________________________________

(име и презиме)

______________________________________________

(образовен профил)

Лиценцата важи од __________ до __________

Регистарски број

____________________

Министер за социјална политика, демографија и млади,

____________________ ________________________

(ден, месец и година)

М.П.

Прилог бр.2

Република Северна Македонија
Министерство за социјална политика, демографија и млади

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve

Врз основа на член 178 став (1) од Законот за заштита на децата, министерот за социјална политика, демографија и млади, издава
Në bazë të nenit 178 paragrafi (1) të Ligjit për mbrojtjen e fëmijëve, Ministri i Politikës Sociale, Demografisë dhe të Rinjve lëshon

# ЛИЦЕНЦА
# LICENCË

________________________________________________
(вид на лиценца за работа /lloji i licencës për punë)

______________________________________________________________________
(име и презиме/emri dhe mbiemri)

________________________________________________
(образовен профил/profili arsimor)

Лиценцата важи од __________ до __________
Licenca vlen prej __________ deri më __________

Регистарски број
Numri i regjistrimit
____________________

Министер за социјална политика, демографија и млади,
Ministri i Politikës Sociale, Demografisë dhe të Rinjve,

____________________
(ден, месец и година)
(dita, muaji dhe viti)

_________________________

М.П.
V.V.